

# КРИК

КОНФРОНТАЦИЈА

КРИТИКА РЕАКЦИЈА ИДЕЈА

## ФЕСТИВАЛ ЗА КРИТИЧКА КУЛТУРА

18.11 > 03.12. 2016



# КРИК

КОНФРОНТАЦИЈА

КРИТИКА РЕАКЦИЈА ИДЕЈА

ФЕСТИВАЛ ЗА КРИТИЧКА КУЛТУРА

„ЗАЕДНИЦАТА КОЈА СЕ ЗАСНОВА ВРЗ ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА НА КРИТИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ И СООЧУВАЊЕ ПРЕКУ КОНФРОНТАЦИЈА, Е ЗАЕДНИЦА НА СЛОБОДАТА, НА ВЗАЕМНОСТА, НА ХРАБРАТА ПЛОВИДБА КОН НОВИТЕ ХОРИЗОНТИ НА ОПШТЕСТВОТО СО ЕДРА ПРИДВИЖЕНИ ОД ВЕТРИШТАТА НА КРЕАТИВНАТА УМЕТНИЧКА КОНФРОНТАЦИЈА И НА ПОЛИТИЧКАТА ИМАГИНАЦИЈА."

АЛЕН БАДЈУ

КРИК – фестивал за критичка култура има цел да ги промовира уметничките и културните практики како општествено релевантни алатки кои ќе придонесат за еманципација и демократизација на социо-културниот контекст.

КРИК – ФЕСТИВАЛ ЗА КРИТИЧКА КУЛТУРА ќе се застапува за афирмација на уметничките и културните практики, нивните критички капацитети и нивната применливост во анимирање и критичкото мобилизирање на општествените процеси. Програмите на **КРИК** се креирани за да поттикнат критичка дебата во јавната сфера преку која би се промовирал социо-културниот капитал како јадро кое е длабоко поврзано со најрелевантните политички и општествени теми: човекови права, право на култура, идентитетски прашања, насилството во јавната сфера преку политичкиот и економскиот апаратус, како и зајакнување на заедниците преку културни и уметнички практики.

**ДА СЕ ПОТТИКНЕ КРИТИЧКА ДЕБАТА ПРЕКУ КОЈА ЌЕ СЕ ПРОМОВИРА СОЦИО-КУЛТУРНИОТ КАПИТАЛ КАКО ЈАДРО КОЕ Е ДЛАБОКО ПОВРЗАНО СО НАЈРЕЛЕВАНТНИТЕ ПОЛИТИЧКИ И ОПШТЕСТВЕНИ ТЕМИ**

Затоа започнуваме со **КРИК** кој ќе застане во одбрана на правото на критичка култура, која постојано ќе ги поместува границите на еманципаторските политики во социо-културниот простор. **КРИК** е платформа низ која ќе се истражуваат и изучуваат можностите на проникнување помеѓу естетското и политичкото, помеѓу уметничките практики и нивното влијание врз поширокaта демократизација на општеството, помеѓу граѓанските заедници и медиумските облици на борба. Со **КРИК** сакаме да ѝ се спротиставиме на „културата на тишината" промовирајќи критички дијалог, нови форми на пласирање и примена на знаењето, на современата меморија и актуелната политичка историја, отворајќи можност за постојани општествени трансформации.

**КРИК ЌЕ ЗАСТАНЕ ВО ОДБРАНА НА ПРАВОТО НА КРИТИЧКА КУЛТУРА**

**ДА СЕ СПРОТИСТАВИМЕ НА КУЛТУРАТА НА ТИШИНАТА**

**КРИК** ќе се обиде да понуди модел на лабораторија, на експеримент, кој ќе ги истражува парадигмите на моќта, еманципаторските крстопати на политичкото и на естетското во патеката која комуницира со сите репресивни облици врз граѓанството поврзани со образовните, социјалните, културните, политичките, медиумските права и слободи.

Програмите на **КРИК** ги поставуваат прашањата: Како одредени социјални и политички категории критички и развојно да се мислат низ термините на културата и уметничката продукција, и како

културата и уметничката продукција да се мисли во термините на политичкото. Низ **КРИК** би ги исцртувале филозофските, политичките и историските врамувања со кои социо-културните практики се поврзани.

**КРИК** преку своите програми ќе придонесува кон поттикнување на критичка рефлексија во однос на современите културни и уметнички практики, како и во однос на социо-културните движења. **КРИК** ќе ги користи критичките алатки и методологии на уметност и култура со цел да укаже на одговорноста на културните работници, уметниците како и пошироката заедница во однос на општествените и политичките развојни процеси и промени. Воедно, со својата програма ќе истражува како современата уметност и култура може да ги (де)конструира националистичките митови, идентитети и слики на другоста, справувајќи се со трауматичните точки на општеството и акутните политички теми.

**КРИК** ги промовира и истражува односите, меѓусебните влијанија и поврзаности на релацијата уметност – политика – општество. Во рамки на **КРИК** ќе се промовираат социо-културните и уметничките практики како важна алатка со која може да се влијае врз општествените промени и преку која може да се укаже на важноста на граѓанското учество во подигање на свеста за улогата на културата и уметноста во развојните процеси на општествената демократизација. Воедно, програмата на **КРИК** има за цел да стави поголем фокус на потребата за развој на граѓанска и критичка култура.

**КРИК КОЈ ЌЕ ЗАСТАНЕ ВО ОДБРАНА НА ПРАВОТО НА КРИТИЧКА КУЛТУРА, КОЈА ПОСТОЈАНО ЌЕ ГИ ПОМЕСТУВА ГРАНИЦИТЕ НА ЕМАНЦИПАТОРСКИТЕ ПОЛИТИКИ ВО СОЦИО-КУЛТУРНИОТ ПРОСТОР.**

**КРИК** има хибриден програмски концепт кој ќе ги истражува различните можности за јакнење на заедниците и активната размена на знаења, искуства и практики кои промовираат критички дијалог, нови формати на дистрибуција и примена на знаењето поврзано со современата меморија и со актуелната историја, и постојано преиспитување на општеството преку критички и уметнички практики. Програмата на фестивалот ќе се состои од последователни повеќемедиумски формати кои ќе ги поврзат уметниците, културните работници, теоретичарите, активистите и локалната заедница на национално, регионално и меѓународно рамниште со цел да се произведе критичко промислување и дијалог во општеството.

Во социо-културниот контекст каде што се случува целосна девастација на политичката култура и недостиг на дијалог внатре културните формации и различните културни идентитети и практики, нужно е формирањето на јадро кое критички ќе ги преиспитува можностите и границите за формирање на оние формати на комуникациски алатки и вредности кои ќе бидат база за понатамошни дискурзивни, но и оперативни, активистички, социо-културни и политички артикулации на и во јавната сфера. Македонија станува сè поизолирана и ретроградна на социо-културен, образовен, медиумски и институционален план. Особено загрижувачка

е состојбата на поврзување со пошироките социо-културни динамики, и практиките на критичко мислење, критичка теорија, и негување полемички и дијалошки концепт во читањето на општествените, а особено на културните појави.

Во недостиг на знаења кои ќе упатат на тоа дека уметничката продукција, културниот капитал и политичките перформативи во рамки на самоорганизираните граѓански заедници и рефлекси во агората, мора да се афирмира потребата од хибридност во акциите, особено во општество каде што имаме повеќеслојни етнички и културни идентитети, каде што медиумите и просторот за граѓанско дејствување е деградиран и киднапиран од политичките елити.

**КРИК Е ПЛАТФОРМА НИЗ КОЈА ЌЕ СЕ ИСТРАЖУВААТ И ИЗУЧУВААТ МОЖНОСТИТЕ НА ПРОНИКНУВАЊЕ ПОМЕЃУ ЕСТЕТСКОТО И ПОЛИТИЧКОТО, ПОМЕЃУ УМЕТНИЧКИТЕ ПРАКТИКИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОШИРОКАТА ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА ОПШТЕСТВОТО**

Преку **Крик** упатуваме на нужноста од понатамошно истражување на можностите за проникнување/ интерферирање помеѓу естетското и политичкото, помеѓу уметничките практики и нивното влијание на процесите за демократизација на општеството, како и помеѓу граѓанските формални и неформални заедници и потребата за нивна вклученост во општествените процеси.

**КРИК** – фестивал за критичка култура е соработничка платформа помеѓу Контрапункт – асоцијација за развој на критичка теорија, социо-културен активизам и современи културни практики и Есперанца – светски културен центар. Оваа платформа е отворена за соработка со сите заинтересирани организации, неформални групи и поединци.

Првото издание на **КРИК** ќе има два тематски фокуси:

## АРХИВИ НА НАСИЛСТВОТО,

програма креирана од Контрапункт и

## ОД ДИЈАСПОРА ДО РАЗЛИЧНОСТИ,

програма креирана од Есперанца.

Крик – фестивал за критичка култура се реализира во партнерство со Мултимедијалниот институт (МаМа) од Загреб, kuda.org од Нови Сад, Културтрегер од Загреб, Ремонт од Белград, Берлинер Газете од Берлин, Издавачка куќа Готен од Скопје и Кунст ост од Грац.

**Тематски фокус на Контрапункт - асоцијација за развој на критичка теорија, социо-културен активизам и современи уметнички практики**

## АРХИВИ НА НАСИЛСТВОТО

*Архиви на насилството* е тематски фокус низ кој ќе се истражува и презентира процесот на архивирање на насилството во 20 и 21 век. Насилството сфатено дискурзивно, теориски, мислечки, а артикулирано преку разни уметнички практики. Едно од основните прашања ќе биде

како преку испитување на практиките на моќта и на насилството да ги разликуваме, препознаваме и архивираме карактеристиките на политичките манифестации на заедницата и на субјектот, она што ја овозможува неговата егзистенција во услови на интелектуална, творечка и политичка репресија. Кои се перформативите на насилие во мултикултурни политички некултивирани средини. Како моќта и потчинувањето стануваат дискурзивен услов во артикулацијата на секое „ние". Во книгата *Архивска треска*, Жак Дерида го дефинира терминот *архивизација* како активен т.е. продукција. Оваа програма се однесува токму на овој аспект на архивирањето, како чин или активен процес коешто ќе креира нови читања и значења на овој термин, но ќе допринесе кон збогатување и суптилизирано разјаснување на терминот со цел да се разбере целосно.

**Тематски фокус на Есперанца - светски културен центар**

## ОД ДИЈАСПОРА ДО РАЗЛИЧНОСТИ

Тематскиот фокус *Од дијаспората до различностите* беше инспириран од потребата за ново разбирање на дијаспората во контекст на променетиот амбиент на зголемена мобилност, глобализацијата и на различни начини на искусување на културните различности. Нашата цел е дијаспората да се види како посредник помеѓу различните општества, носители на хибридни плуралности и посредни идентитети. Фокусот беше особено иницииран од потребата да се промислат уметничките практики на уметниците од Западен Балкан кои имаат различна дијаспорична позадина и искуства. Тоа би можело да донесе нов увид на дијаспората кој

започнува од аргументот дека денес дијаспората во областа на културата има различно значење и форми отколку што беше тоа пред неколку децении. Во контекст на глобализацијата, уметниците, како и другите луѓе во движење, имаат различни мотиви од порано. Тоа е желбата за стекнување нови искуства, личен развој, уживање на културната различност. Во оваа смисла тематскиот фокус ќе донесе интердисциплинарно истражување на кураторските практики и уметнички портфолија. Ќе се истражуваат модели на управување со разновидноста од регионалните и европските организации. Тоа ќе обезбеди нова теоретска рамка која има за цел да ги инспирира промените во разбирањето и оттаму на различните културни политики. Политики кои ќе значат подобрување на меѓународните кариери, професионален развој,  копродукција, престои и други практики на културното номадство.

18.11>

# ПРО-ГРАМА

>03.12

2016

# 18-20 НОЕМВРИ 2016

**Кинотека на Македонија**

# ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Селектор на филмската програма: Петар Милат
Организатор: Контрапункт

**18 НОЕМВРИ**
петок
**20:00**

## Аустерлиц

(Austerlitz) (2016) 74 мин.
Документарен, Германија
Режија: Сергеј Лозница
Сценарио: Сергеј Лозница




Новиот филм на Сергеј Лозница *Аустерлиц* е остар, но богат и комплексен портрет на група туристи, кои се во посета на поранешен нацистички концентрационен логор, а на моменти претставува иронична студија на врската (или судирот) помеѓу современата култура и светоста на местото. Клучното прашање кое е провокација за авторот е што се случува кога ќе се сретнат меморијалното и музеолошкото - кога местата на смрт и уништување ќе се трансформираат во туристичка дестинација? *Аустерлиц*, на Лозница е насловен според ремек делото на големиот романсиер В. Г. Себалд, а со кое, едновремено, влегува во енигматичен и предизвикувачки дијалог.

## 21:15

## Илегален Парнас

– Презентација на книга на Бојан Бабиќ
Што значи да се биде странец? (Готен)
Разговор со Бојан Бабиќ
и Никола Гелевски
Модератор: Роберт Алаѓозовски

***„Некогаш во минатото направив грешка и сега сум во погрешен живот.“***
Зебалд - Аустерлиц

Почнувајќи од војните на просторот на бивша Југославија, на овие наши заеднички простори, преовладува чувство на непоправливост на ситуацијата - губење на надежта за подобар живот или еден *историски песимизам* кој кај мислечките луѓе, со тек на време, прераснува во *антропопесимизам*, губење на верба во човекот. Од каде доаѓа тоа чувство на бидување во ќорсокак - како поединци, како општество, како човечки вид - чувство на неможност суштински да направиме промена на подобро, не само во општеството во кое живееме, туку, последично и во сопствените животи.

Дали нашето индивидуално паметење е условено од општеството? Зошто се чувствуваме искоренети, како емигранти, иселеници иако никаде не сме се отселиле и целиот живот живееме на едно место? Дали е тоа искоренување од традицијата или од самата смисла? Дали е литературата длабока потрага по причините за суптилните, неподносливи и тешки психолошки состојби на јунаците предизвикани од историските околности, низ кои и авторот и раскажувачот и јунаците и читателите лутаат, сѐ додека не дојдат до ѕидот на историскиот молк? Дали бавењето со уметност во општества како нашите е активизам или ескапизам? Имаме ли право да живееме на Парнас кој самите сме го изградиле на сред калливиот пат на голата неслобода и корупција? Ќе разговараме за сите овие прашања, не давајќи конечен одговор.

**19**
**НОЕМВРИ**
сабота
**20:00**

# СМРТТА НА ЛУЈ XIV

(La mort de Louis XIV) (2016), 115 мин.
Игран филм, Португалија/Франција
Режија: Алберт Сера
Сценарио: Тиери Луна, Алберт Сера
Улоги: Жан-Пјер Леу, Патрик Дасумсјао, Марк Сусини



Филмот на Сера во сите критики е прогласен за еден од најубавите, но и естетизирано најкомплексните филмови кои создаваат тескобност преку темата, слоевитите пораки и актерската совршена игра. Филмот почнува во моментот кога Луј XIV, Кралот Сонце или најмоќниот човек на светот, е со веќе нарушено здравје.  Сера во фокус ја има темата на деградација на моќта преку човековото тело. Биополитичката димензија на филмот е високо естетизирана и ликовно субверзивна. Во меѓувреме, најмоќниот човек на светот се претвора во куп полусвесно месо, а таа груба деградација е уште поморничава затоа што старецот е опкружен со раскош и церемонијален проткол. Преку овој филм Сера моќно навлегува во порозната, ентрописка слика на современиот свет на спектаклот, кој почива врз парадигмата за смрт.

**20**
**НОЕМВРИ**
недела
**20:00**

# ХАВАРИЈА

(Havarie) (2016), 93 мин
Игран филм, Германија
Режија: Филип Шефнер
Улоги: Рим Ибрир, Абдала Бенаму, Леонид Савин, Тиери Дајмонд



Филмот *Хаварија* е своевиден филмски државен удар на вистинскиот радикализам. Темата за мигрантските трагедии која е експлиците доказ за рапидното обесчовечување на човештвото, Шефнер ја обработува токму со постапка на статичност. Со тоа создава деконструктивистичко толкување на есенцијата на значењето на мигрантската траума. Географската широчина на местото на случување е 37° 28.6'N 0°3.8'E. Гумен чамец полн со луѓе, едниот од нив мавта. Камерата полека се врти кон десно и покажува туристи на патнички брод коишто гледаат во морето. Камерата се враќа назад, го допира чамецот уште еднаш и потоа врти кон лево, на другата страна на бродот. Прекршената светлина го бои, а вертикалниот зрак на светлина го одвојува бродот од чамецот, на кој камерата повторно се враќа. Понекогаш сликата се замаглува; сенишни рефлексии се појавуваат во водата.

Во исто време, се слуша следново: спасувачката екипа преку радиото моли за трпение додека не пристигне хеликоптерот. Во текот на дејството, сликите ја престигнуваат реалноста. *Havarie* на тоа реагира преку кондензација на звукот и го оградува од сликата, и на тој начин се создава простор на перцепција којшто му овозможува на гледачот да ја искуси сопствената позиција без притоа да го изгуби од вид предметот којшто се доведува во прашање.

# 22–26 НОЕМВРИ 2016

**Чифте Амам, Национална галерија на Македонија – Скопје**

# КОНФЕРЕНЦИСКА ПРОГРАМА

**22 НОЕМВРИ**
ВТОРНИК
**19:30**

**ОТВОРАЊЕ НА ФЕСТИВАЛОТ**

## Изложба Архиви на насилство

Организатор: Контрапункт

Моќта на архивирањето е документот, потенцијалниот иден факт. Архивите го чуваат знаењето, го превреднуваат минатото документирајќи ја сегашноста, создавајќи мемориски ресурси за иднината. Така, тие застануваат наспрема заборавот и историската ревизија. Во денешниот неизбалансиран свет, улогата на архивата е од клучно значење, како што кризата на демократијата станува поочигледна од кога и да е: прогресивните, хуманистички визии за општеството се сè повеќе загрозени од доминантните популистички и неолиберални наративи. Сето ова може да се согледа преку

широкиот спектар на општествени и политички кризи - човекови права, родова нееднаквост, разорност и насилие врз животната средина, образование, слобода на говор, попречување на правото на домување, слобода на движење. Повторно во историјата сведочиме на поларизација на моќта, говор на омраза и растечка социјална сегрегација, како во "развиениот" така и во "неразвиениот" дел од светот.

Оваа изложба ја прикажува моќта на архивата да му се спротивстави на тоа насилство. Таа ќе се обиде да им даде облик, да направи видливи неколку истражувачки уметнички проекти, коишто обработуваат конкретни случаи на насилството. На тој начин материјалните факти / изложените дела самите по себе стануваат и документи-сведоци на тоа насилство. Публиката ќе може да ги искуси визуелните и звучните архиви кои истражуваат различни теми, од кризите со домувањето (Мишел Теран), корупција и репресија (Ѓорѓе Јовановиќ), исчезнување на знаењето (Меморија на светот), родови стереотипи, објектификација и медиумско насилство (Зејно Пекунлу), недостиг на архиви за жените (Христина Иваноска) или директно насилство врз клучни политички субјекти (Соња Шонеберг). Овој пристап на сондирање има цел да ги поттикне нашите сетила за препознавање и регистрирање на насилството кое нè опкружува секојдневно, она на кое сме се навикнале, но и на структурното насилство низ политичките системи. Овој документ ќе се обиде да ги визуелизира дисонантните односи помеѓу оние кои владеат и владеаните, и да

го оприсутни невидливото, не толку лесно разликовно од насилството. Повеќеслојната природа на делата - обемната документација и архивските материјали, создава простор за отворање дијалог со конкретни случаи на насилство. Некои од делата ќе имаат додатен перформативен и едукациски предзнак. И така ќе направат поместување од статичко и чисто еститичко кон дискурзивно, а на тој начин стануваат дел од пообемната дискурзивна програма на *Форумот за критичко мислење на фестивалот КРИК*, со што ќе отворат партиципативен пристап и директно инволвирање со публиката.

**Уметници:** Соња Шонбергер, Мишел Теран, Христина Иваноска, Ѓорѓе Јовановиќ, Memory of the world (Томислав Медак и Марсел Марс) и Зејно Пекунлу.

# Изложба
# Од Дијаспора до различности

Организатор: Есперанца

Масовната миграција на група луѓе или поединци останува значаен аспект во секоја од приказните околу дијаспората. Тие можат да бидат комплексни и болни кога се присилени, предизвикани од војна, политичка неизвесност и економска нестабилност. Во регионот, ние веќе имаме посведочено ваков тип на настани во не толку далечното минато, но во Европа денес, сè уште се соочуваме со актуелната миграција и бегалската криза од несомерливи димензии. Меѓу другите причинители за миграција и релокација често се вбројуваат индивидуалните аспирации за професионален развој или, пак, здобивање со знаење (веќе не само во Западните земји), како и копнежот по подолг или пократок престој или фреквентна географска дислокација со цел директно да се искусат социјалната или културната разлика. Циклусот изложби во регионалниот проект *Од дијаспора до различности* има за цел, преку уметнички продукции, да овозможи на различни генерации да се осврнат на теми и проблеми што се однесуваат на феноменот на дијаспора во современиот контекст.

**Уметници:** Ивана Ивковиќ, Рајко Радовановиќ, Младен Бундало, Нада Прља, Нели Ружиќ
диСТРУКТУРА

**23**
**НОЕМВРИ**
среда
**10:00**
**– 16:00**

**КОНФЕРЕНЦИЈА**

# Дијаспора / Мобилност / Номадизам / Различности

Организатор: Есперанца

Оваа интер- и мултидисциплинарна меѓународна конференција, во две целодневни сесии има за цел да го преиспита концептот на дијаспората, мобилноста, номадските искуства, честите патувања, уметничките и културните резиденции. Без разлика дали се индивидуални или групни, економски или политички, движењата на луѓето преку границите имаат силно влијание врз општествата, врз нивниот развој, но и врз конфликтите.

Главните прашања кои сакаме да ги покренеме, но не сме ограничени само на нив се:

- Која е улогата на дијаспората во итноста да се изгради нацијата итност и ставањето на прашањето на идентитетот во центарот на вниманието?
- Што се случува кога амбивалентноста и контрадикторноста се појавува во уметничките спомени од татковината?
- На кој начин новите модели на мобилност, номадските искуства, честите патувања, краткорочните престои во други земји, како и уметничките и културните резиденции влијаат и обликуваат нечија уметничка практика и поетика?

- Зошто традициите се честопати измислени при поглед наназад?
- Кој простор им припаѓа на трансмигрантските групи и тие без државјанства, како имигранти, економски мигранти, бегалци, бегалци и луѓето без легален престој?
- Како доброволните дијаспорични субјекти се различни од оние чии животи се одбележани со прогон и принудна економска миграција?
- Како дијаспората се рекреира преку cyber-scape-от?
- Може ли да се појават различни видови на државјанство - флексибилни, дијаспорични и номадски?

*Вовед во конференцијата* со **Роберт Алаѓозовски, Дарка Радосављевиќ**

*Вклученоста и исклученоста од страна на уметностите* со **Моника Мокре**

*Активизам, Брегзит и добриот мигрант* со **Александра Лазар**

*Да се пишува за дијаспората и да се живее во различности* со **Лидија Димковска**

*Лични забелешки за дијаспоричната носталгија* со **Елизабета Шелева**

*Феноменологијата на дијаспоричните искуства – од корпореалното и дигиталното до биотехнолошкото* со **Мелентие Пандиловски** (скајп врска-Австралија)

*Престојот наспроти домот: Потрагата по бегството од себе* со **Јане Чаловски**

*Бегалец, мигрант, турист: Важното за менувањето на местата* со **Сабина Габиќ** (излагање со фото-шоу)

**23**
**НОЕМВРИ**
среда
**16:00**
**– 19:00**

# Поетики на радикалното издаваштво

Организатор:
Мултимедијални институт, kuda.org, Контрапункт

**ЧИТАЧКИ ГРУПИ:** Организирање читачки групи за темелно читање пропратено со дискусија на избрани делови од две книги, кои го обработуваат проблемот на политичка субјективност, а кои неодамна беа преведени во Нови Сад и Загреб: *Онтологија на незгодата* од Катрин Малабу и *Антропологија на името* на Силвиан Лазарус.

*Антропологија на името* силно аргументира дека политиката е мисла, која сочинува сопствено поле и категории, различни од политичките науки, економијата, историјата или филозофијата. Во книгата се тврди  дека политиката, не е постојана карактеристика на општеството: таа е ретка и секвенцијална.

*Онтологија на незгодата*,  преиспитува радикални трауми во кои историјата на субјектот се раздвојува и нова, персона без преседан, почнува да живее во субјектот, родена во и од незгода. При спроведувањето на ова испитување, Катрин Малабу артикулира со единствена јаснотија  еден нов каузален режим, режим каде што се случуваат настани кои не и должат ништо ниту на помислата на настанот, ниту на која било постоечка теорија на психичката траума.

## 16:00

Читачка група 1:
**Силвиан Лазарус:**
### Антропологија на името
**Модератор: Бранка Ќурчиќ**

## 17:30

Читачка група 2:
**Катрин Малабу:**
### Онтологија на незгодата
Модератор: Анте Јериќ

## 19:30

### Stratigos Тито – карате: поетика на пречекорувањето, или „мешање на меморијата и желбата“

воведно предавање на Светлана Слапшак

Организатор: Контрапункт

---

Насловот содржи два цитати: прво, во модерна Грција (*Маршал Тито - карате*) е најава за филмска програма од 1974 година во киното *Идеал* во Атина, кое 24 часа на ден прикажувало порно и карате филмови, речиси исклучиво за мажи од работничката класа, кои истовремено имале можност да се хранат по намалени цени во ресторанот со исто име и во истата зграда. Горереспоменатиот филм всушност е познатиот југословенски филм, наградуван на многу странски фестивали, *Битката на Неретва*. Како тој завршил во ваков контекст, може да се рефлектира во поетиката на пречекорување, одложено добивање

смисла, како што е илустрирано во вториот цитат од *Пуста земја* на Т.С. Елиот:

...мешање (крај на стихот)

сеќавање и желба (почеток на следниот стих)

Програмата на киното *Идеал*, како што сугерира неговото име, беше/е направена од сеќавање и желба (карате и порно). Насилството, вткаено во меморијата, е основен наратив на сите општествени односи детерминирани од моќта, кои потоа се реконструираат, а понекогаш и се превртуваат во пропишани и забранети сексуалности. Се реферира на општествено прифатливото насилство со гарантирано сеќавање по примерот на Атинската демократија: polemos (одбрана, војна), apoikis-mos (колонизација) and stasis (граѓанска војна) се поврзуваат со трите форми на сексуалност дефинирана од патријархатот-хиерархиска хомосексуалност, силување и бисексуална тензија. Под „власта на фалусот" , како што го дефинира Ева Кеулс, критиката и отпорот се длабоко поврзани со родот и сексуалноста (Аристофан, Еврипид, па дури и Платон). Како трите антички форми на сексуалност може да нè поттикнат да ги преосмислиме и реформираме критиките/критицизмот на насилството? Како да конструираме нови мнемотехники кои не му служат на насилството и патријархатот? Како да се преодреди архивирањето со воведување сексуалност, еротика и љубов? Дали е ова начин на обременување на меморијата со наративот на *sexerlove* наместо наративот на насилството. Дали пречекорувањето е соодветно на семантичка техника за да се направи тоа?

## 20:15

**Ана Вујановиќ во дијалог Светлана Слапшак**

**24**
**НОЕМВРИ**
четврток
**10:00**
**– 16:00**

**КОНФЕРЕНЦИЈА**

# Дијаспора / Мобилност / Номадизам / Различности

Организатор: Есперанца

**Конференциска програма:**

*Мобилноста како ритуал, статус и идентитет* со **Ивајло Дичев**

*Меѓу таму и таму: анатомија на привремените миграции* со **Ирена Беќиќ**

*Ние, нашиот народ, но и нашата чорба* со **Аријан Лека**

*Меѓу раковиот ôд и мрежата за пеперуги* со **Драгослав Дедовиќ**

*Интеркултурна етика: медиско претставување на различноста* со **Лилјана Симиќ Деру**

*Поздрав од другата страна. Европа, миграцијата и царевото ново рувo* со **Марко Стаменковиќ** (излагање-перформанс)

**11:00 – 15:00**

# Критичкото пишување во уметноста и културата-градење на критичко социо-културно размислување во јавната сфера

Работилница предводена од Ана Вујановиќ
Организатор: Контрапункт
Локација: ГЕМ клуб

Целта на работилницата на Ана Вујановиќ е да се истражува и нагласи потребата за одразување широк и комплексен спектар на политичност, кој ја карактеризира секоја уметничка работа како социјален настан кој зазема простор во јавната сфера. За време на работилницата ќе се истражува овој феномен, но и ќе се направи обид да се разјасни што значи и што би можела да значи политиката во современата уметност. Затоа, целта на Вујановиќ не е да ја застапува политичката уметност, ниту пак да ги двои уметничките дела на политички ангажирани и ларпурлартистички.

Во овој случај политиката се набљудува како интервенција на уметничката практика или работа во јавната сфера, стремејќи се кон редистрибуција или оспорување на нејзината постоечка конфигурација и на деловите.

Секој кој се бави со критичко пишување во уметноста и културата денес не може да го избегне прашањето на политичноста на современата уметност. Како и да е, тоа е амбивалентна тема: политиката е едно од клучните прашања на критичката уметност

денес, во неолибералниот капиталистички контекст, каде што политиката како специфична општествена практика исчезнува од јавната сфера и каде што нематеријалното и пост-фордовското производство цврсто ги врзува praxis-от и poiesis-от на макро-социјалната скала.

Од теоретската гледна точка на Вујановиќ, политичките аспекти можат да бидат изведени и анализирани не само во регистарот (а) на содржината на уметничката работа - што е добро позната традиционална гледна точка - туку исто така во регистрите (б) на нејзиниот медиум или форма - како што нè учи пост-структуралистичката теорија - и (в) нејзините услови и процедури на работа - што е аспект кој произлегува од актуелната политичка економија, и кој не е во голема мера теоретизиран во полето на уметноста.

Повеќето примери за анализа ќе бидат земени од изведувачките уметности и активизмот, додека централниот случај за дискусија ќе биде изложбата *Архиви на насилство.*

## 16:00

### Спринт презентација на книги

(дел од програмата на „Поетики на радикалното издаваштво" Мултимедијални институт, kuda.org, Контрапункт)

Презентери: Мика Буљевиќ, Бранка Ќурчиќ, Зоран Гајиќ, Никола Гелевски, Динко Крехо

---

Спринтот од презентација на книги е серија на петминутни презентации во која секој учесник претставува свој избор од три книги од мали радикални издавачи од нивниот контекст на територијата на поранешна

Југославија. Насловите на книгите ќе останат изненадување до почетокот на спринтот.

## 18:00

### Јас сум член на буржоаската класа

- тркалезна маса (дел од програмата на „Поетики на радикалното издаваштво" Мултимедијален институт, kuda.org, Контрапункт)

Учесници: Јелисавета Благојевиќ, Динко Крехо, Леонардо Ковачевиќ, Артан Садику
Модератор: Анте Јериќ

---

*Лудилото е ендемско во полу-периферијата*, пишува Франко Морети, „бидејќи во овие општества фатени во тесно, каде што економските бранови што потекнуваат од сржта на капитализмот удираат со несфатливо и хиперболично насилство, ирационалното однесување станува еден вид рефлекс, кој го репродуцира текот на светот на рамниште на индивидуалната егзистенција". Дијагнозата на Морети не е ограничена на анализа на деветнаесетовековен роман. Постјугословенските општества, полупериферијата на глобалниот капитализам, денес ја споделуваат истата неприлика: дискурсот за граѓанството е обележан со ирационалната желба за рационалност на буржујскиот свет. Во оваа желба се спојуваат три елементи на нивниот политички простор: проблематичната конституција на политичкото граѓанство, појавувањето на новата буржоаска класа и развојната романтизација на буржоаската култура.

„Буржуј" и „граѓанин"- можат ли овие два термини да се користат наизменично. Првично, тие беа етимолошки синоними (бургер, на пример, е граѓанин на слободен град). Дистинкцијата помеѓу двата поима, која беше нагласена од Русо, а потоа од Хегел, никогаш не ја избриша целосно оваа иницијална конјукција. Дали доминацијата на капиталистичкиот начин на производство, кој ја организира економската и културна размена меѓу центарот и периферијата го привилегира поимот буржуј, правејќи го така застарен граѓанинот, како категорија наследена од античкото политичко мислење. Или, напротив, поимот граѓанин е придружен со радикален еманципаторски потенцијал кој може да биде реактивиран?

Наспроти ваквата концептуална позадина, разговорот на тркалезна маса ќе се осврне на сличностите и разликите на наративите „граѓанин" и „буржуј", нивната културна мистификација и трајниот проблем на радикалната демократија во траекториите на постјугословенските општества.

## 20:00

### Јавна библиотека/Меморијата на светот

- Симпозиум (Мултимедијален институт)

*Запознавање со Јавна библиотека/Меморија на светот* со Марсел Марс и Томислав Медак

---

Воведниот разговор на семинарот ќе биде во контекст на повеќегодишната работа на Марсел Марс (Ненад Ромиќ) и Томислав Медак посветена на концептот *Јавна библиотека/ Меморија на светот*, потенцирајќи ги збирките

кои ги прикажуваме на изложбата. Исто така, ќе се овозможи поширок поглед на тоа како борбата за пристап до знаење и до „библиотеките во сенка" реагира на процесот на националистичкото бришење на меморијата и неолибералните процеси на производство на знаењето.

## 20:45

### Од сеќавање за насилството до методи на насилен заборав

со Сања Хорватинчиќ

Мноштвото споменици од втората светска војна изградени во Социјалистичка Југославија беа посветени на паднатите партизани - членови на народната ослободителна армија- и цивили, жртви на фашистичкиот терор, создадени од неколкуте окупации и колаборационистички воени формации на територијата на поранешна Југославија. Самиот поим – *фашистички терор*, во опозиција со генералниот термин *фашизам* – јасно реферира на специфичен историски настан и метод на насилство којшто во тие случаи се применувал. Спомениците од овој тип, не се само придружувани со објаснувања, епитафи и долги листи на имиња на жртви, туку тие и често се карактеризираат и со визуелни и/или симболични репрезентации на овие настани, и на тој начин преку траен и комуникативен трансфер го пренесуваат колективното сеќавање на идните генерации. Овие репрезентации, во распон од дескриптивни фигуративни композиции до

симболични форми, коишто потекнуваат од верbata во универзална, хуманистичка порака на модерната уметност.

Во првиот дел од предавањето, ќе претставам краток преглед на стратегиите коишто се вклучени во репрезентацијата на различни трауматски сеќавања на насилство во формат на меморијална скулптура и архитектура, додека пак во вториот дел, ќе дадам преглед на вообичаените методи и нивното уништување, бришење и иделошка "неутрализација" во пост-социјалистичкиот контекст – од насилните актови на директно физичко уништување и преместување, преку деконструкција на соодветните едукативни платформи (специјализирани музеи и колекции), до речиси невидливите, но моќни методи на долгорочниот институционален ревизионизам во полето на заштита на културното наследство.

## 21:30

### Архивирање на сеќавањето и знаењето: Воените злосторства во Југославија 1941-1945

со Милан Радановиќ

---

Предавањето ќе се одвива во два дела. Првиот и пообемен дел ќе ги разгледува колекциите на архивските институции низ Југославија во коишто е содржана документацијата на воените злосторства направени за време на Втората светска војна. Целта е да се објасни како се создадени овие колекции, кои беа институциите кои ги создадоа и која е целта на овие колекции. На кратко, во 1944 година

Владата на  партизанскиот отпор формира комисии во сите федерални региони на земјата со мисија да собира информации за воените злосторства извршени од страна на окупаторските сили и нивните соработници. Документацијата собрана од страна на федералните и регионалните комисии опфаќа неколку стотици илјади документи и содржи информации за поголемиот дел од воените злосторства извршени од страна на сторителите. Оваа документација сè уште не е доволно истражена. Најзначајна меѓу овие збирки е колекцијата на *Државната комисија за злосторствата извршени од страна на окупаторските сили* и нивните соработници депонирани во *Архивата на Југославија* (Белград), којашто содржи информации собрани од цела Југославија. Слични, иако помали се збирките на регионалните комисии депонирани во централните државни архиви на сите поранешни југословенски републики. Со оглед на тоа што јас претежно ја истражувам колекцијата на Државната комисија и колекцијата на Регионалната комисија за злосторствата извршени од страна на окупаторските сили и нивните соработници во *Архивот на Србија* (Белград), најмногу време ќе посветам во презентирање на овие збирки. Исто така ќе презентирам и две збирки кои се чуваат во *Историскиот архив во Белград*: документи на Специјалната полиција и документи на Гестапо во Белград. Овие две колекции се содржат околу 17.000 досиеја на лица кои биле интернирани и се предмет на репресија во Белград и низ други места во Србија. Исто така ќе разгледам до кој степен информациите содржани во

документацијата на вооружените сили на Хрватската државна самостојност (НДХ) и на Третиот рајх, кои се чуваат во Воениот архив во Белград, се релевантни за истражување на воените злосторства и нивните сторители.

Во вториот дел од моето обраќање ќе ја разгледувам он-лајн дата-базата на интернет страницата znaci.net: начинот на којшто таа е креирана, како е структурирана и која била намерата на нејзиниот креатор во создавањето и структуирањето на колекцијата. Ќе подвлечам дека овој веб-сајт е најголемата он-лајн дата-база на информации за воените злосторства во Втората светска војна на територијата на Југославија. Акцентот ќе биде ставен на податоци коишто се однесуваат на воените злосторства.

**25**
**НОЕМВРИ**
петок
**11:00**
**– 15:00**

## Моја дигитална библиотека/архива: од корисник до аматер-библиотекар/архивист [прв дел]

Работилница предводена од Марсел Марс и Томислав Медак

Како се дигитализираат книги, списанија и архивски документи? Каде може да се најдат електронски книги, списанија и документи? Кој е најдобриот начин да се организира нечија електронска колекција на архиви? Како се споделува истата? На кратко, како да се стане добар архивар и библиотекар? Како најдобро да се користат документите и публикациите во моите истражувања? Како се креира библиографија и како се создава збир од цитати?

Ако се соочуваш со вакви и слични практични грижи, те покануваме на работилницата „Моја дигитална библиотека/архива". Ќе ви го прикажеме процесот на дигитализирање, создавање и споделување на дигитална колекција и притоа ќе ви помогнеме да го организирате вашиот истражувачки процес со дигитални документи и архиви. Донесете го вашиот компјутер и, доколку користите, вашиот e-book ридер.

**17:00**

## Испрекинати сесии

перформативен разговор со Мишел Теран (перформансот ќе се одвива на англиски јазик и е дел од изложбата „Архиви на насилство", на Контрапункт)

*Испрекинати сесии* креираат сцена за јавни читања на разговори водени помеѓу психолог и четири жени од Мадрид во врска со нивните лични искуства со присилно иселување. Транскриптот, кој е преведен и на други јазици (досега на англиски и француски) од оригиналниот шпански, е сведоштво за секојдневната реалност на современата криза, на тој начин пренесувајќи ги личните искуства во една универзална тема околу социјалните распади и дезинтеграцијата на домот. Јавното читање на овој текст претставува дискусија и анализа на разговорот преку естетска рефлексија. Циркулацијата и воведот на преведениот текст во други конфигурации и разговори, дава мотив за рефлексија на прашањата поврзани со современата криза и нејзиното влијание врз домот, кросполинација на идеи, која се јавува при дијалошка ситуација. За изданието во Скопје, Мишел Теран ќе соработува со Центарот за нови медиуми kuda.org и локални учесници и иницијативи за домување.

## 19:00

### Како би можело да изгледа?

– кон политички и историски теми преку видео (Контрапункт)
Предавање и видео проекции со Зилке Витиг, со дела од  n.b.k. Видео форумот

Базирано на конкретни примери, предавањето се фоксира на можностите и методите на видео медиумот во пристапување кон политичките, историските и општествените

прашања. Во споредба со филмот и класичните фини уметнички жанрови, природата на видео медиумот, неговиот придонес кон автономизацијата на продуцентите и бројните методи за процесирање слика, го предодредува видео артот за критичка рефлексија на историските феномени и поврзаните тврдења за вистината. Предавањето вклучува прикажување на дела од Мариа Тереза Алвес, Јаел Бартана, Филипа Цезар, Рабин Мру и Оливер Реслер. Избраните дела оцртуваат алтернативни наративи за етаблирање историја и ги рефлектираат минатото и сегашноста преку вклучување на историски и скорешни политички настани, како и лични искуства. Понатаму, тие целат кон создавање простори за сеќавање и форми на лично усвојување на историјата, правејќи ја разбирлива поврзаната субјективизација. Основана во 1971, како иницијатива на уметници и културни продуценти, Видео-форумот на Neuer Berliner Kunstverein со над 1.600 видео арт дела е најстарата и една од најголемите колекции на видео арт во Германија. Во фокусот на колекцијата се Флуксус, феминистичко видео, историско современа видео уметност од Берлин, како и разновидни медиски пристапи. Клучни дела кои датираат од раната фаза на видеото се застапени подеднакво со современите продукции. Дополнително, во изминатите неколку години, се става особен акцент на уметноста од Источна Европа.

Видеа:

Filipa César: *The Embassy,* 2011, 37:00 min (исечок од ок. 5 мин); Rabih Mroué: *Face A / Face B,* 2002, 9:58 min; Maria Thereza Alves: *Tchám Krai Kytõm Pandã Grét – Male Display Among European Population,* 2008, 2:21 min; Oliver Ressler: *This is what democracy looks like!*, 2002, 38:00 min (исечок од ок. 5 мин); Yael Bartana: *The Recorder Player from Sheikh Jarrah,* 2010, 7:20 мин.

## 19:00

### Ариан Лека

промоција на книгата *Домашна змија*, со Луан Старова, Даут Пашин Амам (Паралелна програма, Готен)

## 20:00

### Документот што недостасува: перформанс бр.4 (Сослушувањето)

со Христина Иваноска (перформансот ќе се одвива на англиски јазик и е дел од изложбата „Архиви на насилство“, на Контрапункт)

---

Ова е четвртиот од серијата перформанси што Христина Иваноска ги концептуализира, пишува и изведува како дел од нејзиното докторско истражување, насловено како „Документот што недостасува: сложеното чувство за вистинитост на усните истории“. Нејзиниот истражувачки интерес и уметничка практика, се испреплетуваат околу прашањето за потчинувањето, контролата и конструкцијата на колективната меморија во однос на женските стратегии на отпор и политика. Како единствен протагонист, во своите перформанси, Христина Иваноска станува флексибилен и порозен ентитет, медиум низ кој различни идентитети можат да бидат оживеани. Низ нејзините текстови и акции таа создава ситуации кои *се случиле или не*, и се базираат на документи и усни интерпретации кои флуктуираат низ времето и просторот.

Сведено на лично ниво, кое започнува со прашањето *Која сум јас?*, Иваноска го пронаоѓа

својот пандан во улогата на Роса Плавева, револуционерка од почетокот на XX век, која е заборавена во архивите од минатото. „Документот што недостасува: перформанс бр.4 (Сослушувањето)" е фантазмагоричка интерпретација на претпоставеното испрашување на Роса Плавева кое се случило најверојатно во 1951 година.

## 20:30

**Насилство на информациите и апликациите: „Современата уметност“ на затворање**
**Воведно предавање, Бранислав Димитријевиќ**

Организатор: Контрапункт

---

Една од карактеристиките на нашата актуелна состојба е дека формите на информација ги заменија формите на мислење во процесот кој води до една особена форма на хипер-знаења. Опсесијата со информациите е предуслов за фетишизација на она што го структурира канонот на современата уметност. Преку постојаниот проток на споделување и достапност на информации создадовме густо ткаена маска прикривајќи ги нашите главни неспособности и слабости, нашите главни тригери на фрустрацијата: неспособноста да го спознаеме тоталитетот на сегашноста. Современата уметност е начин за практикување на ваквата неспособност, и, во нејзината најлоша projава, таа едноставно го повторува бранот на информацискиот проток, но во нејзините најдобри облици таа ја практикува неспособноста да се спознае сегашноста (да се спознаат нашите „работи")

отварајќи фрактури во сегашноста. Нашата неспособност да се спознае сегашноста е токму индикатор за вистинската сегашност, и може да отвори концепт за нејзино промислување.

Ако се обидеме да му се спротиставиме на доминантниот поглед за уметноста како „форма на продукција" (ако не материјална продукција тогаш продукција на настани за информација и на информации за настани) и ако се обидеме да ја сметаме уметноста како „форма за мислење", би можеле да ја осознаеме нејзината општествена улога наместо улогата на непосреден преносител на апликации кои им служат на веќе структурираните дискурси. Како што вели Луис Камницер: „Уметничкото мислење е мета-дисциплина која постои за да помогне да се прошират границите на другите форми на мислење." Значи, не станува збор само за „дејствување" наспроти „измислување" на алтернативи на доминантниот политички поредок (како во канонитe на „артивизмот"), туку станува збор за воспоставување релации и проширување на формите и структурите на мислењето кои се стеснети од ваквиот поредок. Општествената улога на уметноста во современиот капитализам главно е сведена на неколку функции/апликации, и во периферниот свет ваквото затворање, ваквото сведување е неконтролирано: вулгарната културна глорификација на националните идентитети и институционалниот атавизам на модерните форми на уметничка автономија, се спротиставени на уметноста која е редуцирана на „инкубатор" за креативни идеи кои директно му служат на капиталот, или е

сведена на тоа да игра улога во идеологијата на „репресивната толеранција", што е другата страна на паричката на нормализацијата на насилството. Оттука, прашањето не е како да се обидеме да го преобмислуваме поимот на уметничка автономија, бидејќи нејзините форми се веќе изгубени, туку како да го заокружиме затворањето на уметничките процеси кои се подредени на арбитрарните процеси на капиталот.

## 21:15

**Бранка Ќурчиќ и Славчо Димитров во разговор со Бранислав Димитријевиќ**

# 26 НОЕМВРИ сабота

## 11:00–15:00

**Моја дигитална библиотека/архива: од корисник до аматер-библиотекар/архивист [втор дел]**

Работилница предводена од Марсел Марс и Томислав Медак

## 19:00–19:30

**Документот што недостасува: перформанс бр.4 (Сослушувањето)**

со Христина Иваноска (перформансот ќе се одвива на македонски јазик и е дел од изложбата „Архиви на насилство", на Контрапункт)

## 19:30

**Економско насилство – несвесни за него, иако секојдневно со него**

воведно предавање на Бранимир Јовановиќ (Контрапункт)

---

Со насилството се соочуваме кога гледаме бездомници одејќи на работа. Кога гледаме мали деца што просат, наместо да одат во училиште. Го доживуваме кога некој наш близок умира бидејќи нема пари за на лекар. Го искусуваме кога сме ограбени од некој што живее во сиромаштија и станува криминалец за да преживее. Го гледаме кога родителите на нашиот пријател умираат во поплавата затоа што немаме пари за канали, но имаме за споменици. Го гледаме кај шивачките кои се принудени да работат дење и ноќе, во нечовечки услови, за 150 евра месечно, во фабрики на типови што возат коли од 100 000 евра. Во овој разговор, Бранимир Јовановиќ ќе раскаже неколку вакви приказни за економското насилство, ќе елаборира како тие се поврзани со постоечките економски структури и ќе се дискутира како треба да се променат овие структури.

## 20:15

**Бранимир Јовановиќ во разговор со Петар Гошев и Кристина Ампева**

**03 ДЕКЕМВРИ**
сабота

## 19:00

## Политиката на избор како политика на насилство

воведно предавање со Рената Салецл (Контрапункт)

---

Болката на цивилизацијата и болката на индивидуата одат рака под рака. Поради тоа, општествените промени влијаат на симптомите на болка од која страдаат луѓето и новите симптоми, кои тие ги развиваат, секако, имаат влијание врз општеството во целина. Во последната деценија, имаше многу дебати во психоаналитичките кругови околу тоа како социјалните промени, кои ги доживуваме во постиндустрискиот капитализам, се одразуваат кај индивидуите. Идеологијата на постиндустрискиот капитализам во голема мера се потпираше на идејата на избор, слобода, самоопределување и бескраен прогрес.На другата страна на оваа идеологија се наоѓа зголемената анксиозност и чувство на неадекватност на индивидуата, како и вина поради неснаоѓањето во денешниот свет. До неодамна, идеологијата на избор всушност многу добро функционираше во насока на превенција на какви било прашања околу можната општествена промена. Поединецот попрво ќе се ангажираше во континуирана себе промена, често до точка на автодеструкција.

Идентификацијата со идеологијата на промена, од една страна, придонесе за формирање нови психолошки симптоми, каде луѓето си

наметнуваат нови форми на агресија кон себеси, додека, од друга страна, таквата идентификација охрабруваше разни форми на социјално насилство.

Предавањето ќе се осврне на новите случаи на агресија кои луѓето си ги наметнуваат себеси и на другите. Ќе се разгледа и начинот на кој правосудниот систем сè повеќе се идентификува со фиктивни изрази на насилство, како што се претставени во филмовите и телевизиските драми, особено кога трага се по вистината за субјективноста во неговите или нејзините гени или мозок. Како заклучок, ова предавање ќе се осврне на моќта на незнаењето и негирањето, која игра важна улога во начинот на кој насилството станува задната страна на идеологијата на избор.

## 20:00

### Катерина Колозова во разговор со Рената Салецл

# УЧЕСНИЦИ

Светлана Слапшак, Рената Салецл, Ана Вујановиќ, Бранислав Димитријевиќ, Бранимир Јовановиќ, Петар Гошев, Славчо Димитров, Бранка Ќурчиќ, Катерина Колозова, Кристина Ампева, Марсел Марс, Томислав Медак, Петар Милат, Мишел Теран, Јелисавета Благојевиќ, Зоран Гајиќ, Артан Садику, Никола Гелевски, Елизабета Шелева, Ивајло Дичев, Јане Чаловски, Лидија Димковска, Христина Иваноска, Анте Јериќ, Нада Прља, Ѓорѓе Јовановиќ, Сања Хорватинчиќ, Бојан Бабиќ, Ирена Бекиќ, Младен Бундало, Миљенка Буљевиќ, Зилке Витиг, Јанка Вукмир, Сабина Гузиќ, Драгослав Дедовиќ, диСТРУКТУРА, Ивана Ивковиќ, Мирослав Кариќ, Леонардо Ковачевиќ, Динко Крехо, Александра Лазар, Ариан Лека, Дуга Мавринац, Моника Мокре, Мелентие Пандиловски, Зоран Пантелиќ, Мирјана Пеитлер - Селаков, Зејно Пекунлу, Милан Радановиќ , Рајко Радовановиќ, Дарка Радосављевиќ Васиљевиќ, Нели Ружиќ, Лилјана Симиќ-Деру, Марко Стаменковиќ, Соња Шонбергер.



Биографии на учениците можете да прочитате на следниот линк:

http://www.kontrapunkt-mk.org/

# Биографии

## Воведни предавања:



**Рената Салецл** е филозоф, социолог и правен теоретичар од Словенија. Таа е истражувач на Институтот за криминологија, на правниот факултет на универзитетот во Љубљана и е професор на *Birkbeck College, University of London*. Таа исто така била визитинг професор на London School of Economics, каде предавала на тема емоциите и правото. Секоја година предава на тема психоанализата и правото, на Benjamin *N. Cardozo School of Law* во Њу Јорк, а предава дополнително и на курсеви за неврологија и право. Понатаму, од 2012, таа е визитинг професор на одделот за општествени науки на Health and Medicine at King's College London. Нејзините книги се преведени на тринаесет јазици.



**Светлана Слапшак** завршила Класични студии/лингвистика на Универзитетот во Белград, и по магистратурата на преводите/позајмувањата на грчкиот збор SHEMA и докторатот за преводите, адаптациите и позајмувањата од грчкиот јазик во Српскиот речник на Вук Караџиќ, таа се префрла на Балканологија и Женски студии, во 1980-тите. Како студентка дисидентка, а подоцна авторка и активистка, честопати била малтретирана од тајната полиција, а пасошот и бил одземан повеќе пати во текот на седум години, 1968-1988. Откако во 1988 година добива отказ од Институтот за уметност и Литература во

Белград, после наместен судски процес од страна на режимот на Милошевиќ, а во врска со нејзиното јавно спротивставување на српскиот национализам и распадот на Југославија, како и нејзината акција во корист на најдолго притворениот затвореник на совеста во Југославија, Адем Демачи. Во 1991 година Слапшак се сели во Љубљана. Таа е координатор за Антропологија на античките светови и антропологија на родот на ISH (Institutum Studiorum Humanitatis),на љубљанската Школа за хуманистички науки, декан на институтот од 2005-та, главен уредник на кварталното списание за женски студии и култура од Белград ProFemina, уште од 1994-та, претседавач на Женските студии на Ратгерс САД (1994-1995), поканета на EHESS Париз 1998; Соработник на NIAS, Wassenaar, 1999-2000; Соработник на Max Planck Institute, Берлин, 2000; Соработник на Collegium Budapest, 2005. Добитничка е на наградата за есеи Милош Црњански во 1990, Наградата за слобода на изразување на американскиот ПЕН во 1993, Watch Award во Хелсинки 2000; Helen Award во Монтреал во 2001.



**Бранислав Димитријевиќ** е професор по историја на уметност и визуелна култура на Школата за уметност и дизајн во Белград и предава Историја на уметност на Академија Нова во Белград. Димитријевиќ студирал Историја на уметност на Универзиетот во Белград и магистрирал историја и теорија на уметност на универзитетот во Кент, Велика Британија, под менторство на професор Стеивен Бан. Негови главни теоретски и кураторски интереси се: визуелна теорија и култута, уметноста во јавниот простор и

релациите во општата култура, политика и идеологија. За неговите есеи е добитник на наградата Лазар Трифуновиќ за уметничка критика и Душан Стојановиќ за филмска теорија. Димитриевиќ уредувал повеќе изданија, публикации и каталози за изложби.



**Бранимир Јовановиќ** е економски истражувач чија специјалност е применетата макроекономија. Има докторат од Универзитетот од Рим „Тор Вергата" и магистратура од Универзитетот Стафордшир од Англија. Има истражувања на теми како монетарна политика, фискална политика, девизни курсеви, дознаки од странство, економски раст, инвестиции, сиромаштија, нееднаквост, невработеност. Работи во Скопје, на Институтот за општествени и хуманистички науки. Моментално поле на преокупација му се нееднаквоста и сиромаштијата.

## Учесници:



**Кристина Ампева** сопруга, мајка на три деца, веќе седум години вработена во текстилна индустрија. Граѓански активист, поборник за човекови и работнички права,претседател на Здружението на граѓани на текстилни и кожарски работници ТИВКОТО МНОЗИНСТВО, кое веќе го препознаваат под името Гласно.



**Бојан Бабиќ** дипломирарал на Одделот за српска и светска книжевност на филолошкиот факултет. Бабиќ бил гостин во неколку програми за престој на писатели, читања и фестивали. До сега Бојан има напишано три

книги поезија, флеш фикција и куси раскази, како и четири новели. Во подготовка е и преводот на неговата книга *Girls, be good*, на англиски јазик која ќе биде издадена кон крајот на 2016 година, од страна на издавачката куќа *Glagoslav publications*, во Лондон.



**Ирена Бекиќ** дипломирала историја на уметност и комапративна книжевност на Факултетот за хуманистички и општествени науки на Универзитетот во Загреб. Преку културните проекти што ги остварува, Ирена Бекиќ го поткопува стандардниот и секојдневен начин на набљудување на феномените и општествените обрасци, истражувајќи различни облици на медијација со публиката. Објавува уметнички критики и есеи. Член е на Хрватското здружение на применети уметници – УЛУПУХ.



**Јелисавета Благојевиќ** е редовен професор на Факултетот за медиуми и комуникации во Белград и раководител на Оделот за политички студии на истиот факултет. Била и визитинг предавач на програмата за родови прашања и политика на Факултетот за политички науки на белградскиот Универзитет. Има објавено три книги: *Политика на незамисливото: вовед во антифашистичкиот живот*, *Хиероглифи на љубомората*, *Заедница на оние што немаат заедница*. Нејзините истражувачки интереси се на полето на современата политичка филозофија, медиумски студии, квир и родови студии. Родена е и живее во Белград.



**Младен Бундало** работи како концептуален и видео уметник. Во своите дела тој начесто се занимава со прашањата на емоционалните и општествените импликации на положбата на мигрант. Учествувал на преку 80 меѓународни изложби, разговори, фестивали, како и во многу резиденцијални програми за уметници. Ко-автор е на книгата „(Р) еволуција на излагачките модели" - студија за влијанието на Интернет технологијата врз актуелниот дискурс во уметноста и културата, а курирал и дванаесет меѓународни уметнички проекти. Добитник е на неколку награди во областа на современата уметност.



**Миљенка Буљевиќ** работи во полето на независната културна сцена од 2004 година. Таа е сооснович на Kulturtreger и менаџер на литературниот клуб Booksa во Загреб. Од 2009та година е активна во локалната и националната културна политика, најпрво во Alliance Operation City, локална платформа за независни и младински организации во Загреб, каде беше директор шест години, и потоа во националната мрежа на организации од независниот културен сектор *Clubture*, каде фигурира како претседател од јуни 2016. Таа е член на управничкиот одбор на европската мрежа на списанија за култура *Eurozine* и повремено преведува од англиски.



**Зилке Витиг** е кураторка и уредничка. Студирала фотографија и дигитални медиуми кај Stan Douglas и Hito Steyerl на Универзитетот за уметности во Берлин и на Високата национална школа за убави уметности во Париз. Од 2010-2012 работи како менаџерка

во културата во НВО Лоја во Тетово, како стипендист на фондацијата Роберт Бош. Од 2008 таа работи во уметничката институција Neuer Berliner Kunstverein во Берлин, потоа како Раководител на комуникации и јавна програма (2012-2016), и моментално како уредник и кураторка. Таа курирала неколку меѓународни изложби и видео-селекции.



**Ана Вујановиќ** е независен културен работник во полето на современите перформативни уметности и културата. Таа е доктор по драмски студии. Член е на уредувачкиот колектив *TkH* [Теорија која хода], теориско-уметничка платформа од Белград и е главна уредничка на *TkH* списанието за теорија на изведувачките уметности. Особена нејзина заложба и посветеност е да ја зајакне независната (културна) сцена во Белград и поранешна Југославија. Како драматург и ко-авторка таа учествува во уметнички проекти кои ги опфаќаат полињата на перформанс, театар, танц и видео/филм. Во моментов работи на независен истражувачки проект насловен како: *Performing the Self in the 21st Century*, заедно со Бојана Цвејиќ и Марта Попивода од TkH.



**Јанка Вукмир** живее и работи во Загреб како многу активен историчар на уметноста на полето на современата уметност. Работела куратор и член на жирија и е меѓународно објавуван автор. Работејќи во непрофитниот сектор повеќе од 20 години, Вукмир исто така се занимава и со организација, наоѓање финансии и изградување на капацитетите и способностите за раководење, посетувајќи многу семинари на овие теми. Била и

помошник директор и директор на SCCA Загреб и е ко-основач и претседател на Инсититутот за современа уметност.



**Зоран Гајиќ** дипломиран социолог и активист 1и член на Групата за концептуална политика, во чии рамки на работа ги уредувал српските преводи на „Антропологија на името" на Силвиан Лазарус и „Теорија на субјектот" на Ален Бадју (ко-издадена со kuda.org). Активен е во граѓанскиот контекст. Често пишува есеи за концептите и прагматиката на политиката (од кои дел може да се прочитаат на блогот на Групата за концептулна политика) и лесно се инспирира.



**Никола Гелевски** е директор на книгоиздателството *Темплум* од 1989 година.Тој е главен и одговорен уредник на списанието *Маргина* како и на списанието за стрип *Лифт*. Како граѓански активист е вклучен при основањето на здружението *Контрапункт*, *Плоштад Слобода* и *ГЕМ-* Граѓани за Европска Македонија. Бил колумнист во повеќе дневни и периодични весници како: Форум, Утрински весник и Глобус. Основач е и главен и одговорен уредник на порталот *Окно*. Автор е на книгите: *Призрак против Сенка*, 1993; *Светулки и мракови*, 2002; *Контрапункт*, 2004; *Архитортура и гробализација*, 2010; *Скопски приказни од 2014*, 2011.



**Петар Гошев** е македонски политичар поранешен гувернер на Народната банка на Македонија. Дипломирал на Економскиот факултет во 1971 година, а во 1983 станал магистер по економски науки. Бил економски советник во Синдикатот на Македонија, а извесен период и шеф на Кабинетот на претседателот на Синдикатот на Македонија. Гошев во 1993 ја формира Демократската партија. При тоа е избран за нејзин претседател. Од 1997, со обединувањето на Демократската и Либералната партија, станува претседател на Либерално демократската партија. На функцијата гувернер на Народната банка на Македонија бил избран во 2004 година.



**Сабина Гузиќ** е родена во Кросно, југоисточна Полска. Студирала традиционална и дигитална фотографија. Во 2011 година се преселила во Краков за да работи со театарот Гротеска и во невладини организации, организирајќи фестивали, настани на отворено, работилници, средби и дебати. Во 2015 година дипломирала културен менаџмент на Јагелонскиот Универзитет со тезата со наслов: *Македонската Кула Вавилонска – мултикултурниот менаџмент во Република Македонија.* Од септември 2016 година Сабина Гузик работи во амбасадата на Рпеублика Полска во Скопје.



**Драгослав Дедовиќ** е роден во Земун, Србија. Пораснал во Босна каде што студирал новинарство на Универзитетот во Сараево, а потоа работел како новинар за разни медиуми и како уредник на издавачка куќа во Тузла. Јавно ѝ се спротиставувал на војната и на употребата на сила во споровите меѓу југословенските народи и во 1992 година, а кога избувна војната во Босна, тој емигрира на Запад. Магистрирал на Универзитетот во Ахен во Германија и во моментов е уредник во Дојче Веле, живеејќи и работејќи меѓу Бон и Келн. Уредник на книгата со избрани босански раскази со наслов *Евакуација* (1999). Објавил десетина книги поезија.



**Славчо Димитров** дипломирал на катедрата за Општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет при УКИМ, Скопје. Магистрира на Родови студии и филозофија на Институтот Евро-Балкан, а потоа на катедрата за Мултидисциплинарни родови студии на Универзитетот  Кембриџ. Тој е еден од основачите на Центарот за истражувања на идентитети, култури и политики, *ИПАК Центар* во Белград. Во *Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници* работи од почетоците на нејзиното основање, како член, координатор и како директор. Неговиот активистички интерес се однесува на политиките на настраноста (квир политики), сексуалното и родовото граѓанство и еднаквост, правата на маргинализираните заедници и нивното испресекување со прашањата со социјална правда.



**Лидија Димковска** е родена во Скопје на 11 август 1971 година. Завршила Филолошки факултет во Скопје на групата Општа и компаративна книжевност, а докторирала на тема од романската книжевност на Филолошкиот факултет во Букурешт, Романија. Работела како предавач по македонски јазики книжевност на Филолошкиот факултет во Букурешт. Исто така, таа била уредник на одделот за поезија во електронското списание за култура и уметност „Блесок". Член е на ДПМ од 1995 година.



**диСТРУКТУРА** Милица Милиќевиќ и Милан Босниќ дипломирале и магистрирале на Факултетот за ликовни уметности во Белград на Отсекот за сликарство. Од 2005 година работат на заеднички проекти како уметнички пар под името дИСТРУКТУРА. Во моментов живеат и работат во Балеград. Како дИСТРУКТУРА изложувале на 30 самостојни изложби на преку 70 групни изложби во земјата и во странство. Нивната работа ја поддржале бројни фондации и институции, а добитници се и на стипендијата Полок-Краснер за 2015 година.



**Ивајло Дичев** е професор по културна антропологија на Универзитетот во Софија. Студирал во Франција и предавал на повеќе универзитети во Европа и САД. Го објавува Интернет списанието за културолошки студии СеминарБГ. Неговите истражувања се поврзани со политичката култура, медиумите и урбаните студии. Неговиот последен истражувачки проект се однесува на популарната култура и политиката. Меѓу

другото, тој е автор на книга за миграцијата со наслов *Желбата да се замине – правото да се насели*, Софија, 2013 година. Дичев исто така објавувал и книжевни текстови и есеи.



**Христина Иваноска** е докторандка на академијата за ликовни уметности во Виена. Таа работи интердисциплинарно, истражувајќи ги општествените и политички системи и нивната поврзаност со теоријата и историјата. Иваноска има изложувано во бројни домашни и светски галерии. Заедно со Јане Чалоски го ко-основаа "press to exit project space" во Скопје. Двајцата заедно беа претставници од Македонија на 56-тото биенале во Венеција во 2015 година.



**Ивана Ивковиќ** дипломирала сликарство и магистрирала на цртеж на Факултетот за ликовни уметности во Белград. Два пати била финалист на наградата на *Политика* за најуспешна изложба во 2007 и 2010 година. Добитник е на стипендијата *KulturKontakt* од Виена (Австрија) во 2008 година, на организацијата *Residency Unlimited* од Њујорк (САД) во 2012 година, на стипендијата Casa dell Arte во Бодрум (Турција) во 2013 година, како и на стипендијата на градот Линц (Австрија) во 2014. Нејзини дела се наоѓаат во колекцијата на современа српска уметност на Теленор, во колекцијата на музејот на град Белград, како и во неколку значајни приватни колекции во Њујорк, Базел и Лисабон.



**Анте Јериќ** е автор и истражувач кој работи во Мултимедијалниот институт во Загреб. Фокусот на неговиот интерес е во континенталната филозофија и нејзините допири со психоанализата, книжевноста и филмот. Тој е поранешен член на порталот *Kulturpunkt*. Има пишувано за *Libru Liberu*, *Ubiq*, *Zarez*, *Hrvatski filmski ljetopis* и *15 dana*. Автор е на книгата *Uz Malabou: profili suvremenog mišljenja.*



**Ѓорѓе Јовановиќ** дипломирал на ФЛУ во Скопје. Има реализирано повеќе проекти во чиј фокус се прашањата за интеграцијата и дезинтеграцијата на современиот човек. Селектирани самостојни изложби: Изуми за вас, прекрасни луѓе!, МСУ-Скопје, (2014), Фрагментарниот архив на уметникот од земјата во транзиција (Њујорк, 2010), It's Complicated (Грац, 2010).. Селектирани групни изложби: Balkon zum Balkan, Баден Баден, Vienna Independent Shorts, Виена, Balkan, Базел, Re-locate, Истанбул, 255.804 km, Виена. Добитник е на следниве награди: "Денес" 2009, Алтернативен филм / Видео во Белград во 2009, Акто фестивал, Битола во 2012 и Најдобар млад уметник на 10 Биенале на млади уметници во 2013.



**Мирослав Кариќ** дипломирал на белградскиот Филозофски факултет на катедрата за историја на уметност во 2000. Од следната година работи како кустос во Независната уметничка асоцијација Ремонт. Мирослав бил повеќегодишен уредник на рубриката „Изложби" во белградскиот културен месечен водич, Yellow Cab. Во

професионалната биографија бележи ангажман на многу проекти како соработник, кустос, координатор и ПР.



**Леонардо Ковачевиќ** студирал филозофија и теологија. Уредник е за филозофија на хрватското радио *Трета програма*, ко-уредник на програмата *Трансверзала* во Мултимедијален институт во Загреб и уредник на магазинот за култура *Up-&Underground*. Патем, работи и како преведувач од француски преведувајки ги Бодријар, Рансиер, Левинас, Дерида и др. Ковачевиќ е ко-автор на книгите: *Демокино-виртуелна биополитичка агора*, *Маска* (Љубљана 2006) и *Општествена одговорност на капиталот*, *Festival prvih*, Загреб, 2007. Негови области од особен интерес се француската политичка филозофија и естетиката. Живее во Загреб.



**Катерина Колозова** докторка на науки, е директорка на Институтот за Општествени и хуманистички науки - Скопје, и професорка за родови студии на Универзитетот Американ Колеџ – Скопје. Таа исто така, е визитинг професорка на неколку универзитети во бивша Југославија и Бгарија. Во 2009, Колозова била визитинг професорка во одделот за реторика (Program of Critical Theory) на Универзитетот во Калифорнија – Беркли. Таа е авторка на *Cut of the Real: Subjectivity in Poststructuralist Philosophy* (Columbia University Press, 2014) и *Toward a Radical Metaphysics of Socialism: Marx and Laruelle* (punctum books, 2015).



**Динко Крехо** е есеист, литературен критичар и преведувач со моментално адреса во Загреб. Дипломирал компаративна книжевност и јужнословенска литература на Универзитетот во Сараево. Негови полиња на интерес се мапирањето и теоретското врамување на југословенската и пост-југословенската лиетаратура, хорор, фантазија и научна фантастика, графички наративи, теоретските дилеми на литературната историја и оформувањето на литерарното поле во ерата на социјални медиуми. Неговиот есеј за предавање поезија на „Фејсбук генерацијата" ја освои наградата Шукрија Панџо, за најдобро дело за деца и младинци.



**Александра Лазар** е британско-српска уметница, писателка и историчарка на уметноста. Пишува за тековните уметнички проблеми, вклучувајќи ги тука миграцијата, културната меморија, практиките на отпор и ставовите во културата. Нејзината уметност ги истражува слободата, перцепцијата, јазикот, метаморфозата и сеќавањето. Александра живее во Лондон и е редовна дописничка на *Политика* и *Супервизуелна*, како и консултант за уметноста што доаѓа од Балканот и членка на извршниот комитет на Здружението на уметниците на Англија.



**Ариан Лека** е професор на Универзитетот во Тирана. Неколку пати бил поканување како гостувачки порфесор или писател на повеќе други универзитети како Hong Kong Baptist University (2008) и Универзитетот во Шандонг (2008) во Кина, Универзитетот во Сараево

((2011), Universitatea Romana de Stiinte si Arte Gheorghe Cristea (2014), Универзитетот во Грац, на катедрата за етнологија (2014) и Универзитетот во Салцбург (2015). Автор е на 16 книги, преведени на десетина јазици. Основач е на меѓународниот книжевен фестивал ПОЕТЕКА и е уредник на Poeteka Review– EUROZINE. Член е на Албанскиот Комитет (Committee Albanais) на Европската драма. Исто така преведува италијанска современа поезија. Со години ја објавува двонеделната колумна *Каменот на мудроста* на страниците на списанијата *Milosao*, *Shqip* и *Mapo*.



**Дуга Мавринац** е куратор и помлад истражувач. Докторант е по културна антропологија и етнологија на Универзитетот во Загреб, Хрватска. Нејзините тековни истражувачки интереси се сосредоточени врз домашната работа, родот и миграцијата и врз практиките, идеите и моделите на грижата. Член е на меѓународната докторска програма „Трансформациите во европските општества", заеднички проект на седум европски етнолошки, културни и социо-антрополошки институти и катедри.



**Марсел Марс** (Ненад Ромиќ) е истражувач на културата и социјален поттикнувач кој се застапува за слободен софтвер. Тој е еден од основачите на Мултимедијалниот Институт - *mi2* и *net.culture club MaMa* во Загреб, и е член на тимот на *Creative Commons* во Хрватска. Редовно држи работилници како "Програмирање за почетници" и предавања на теми како хакирање, филозофија на слободен

софтвер, собири на заедници за добри каузи, забушавање, правење ништо, глупави/умни бизнис модели на музичките индустрии, социјален софтвер и семантички веб. Во последно време Марсел се залага и работи на проектот он-лајн "Јавна Библиотека". Тој пее, танцува, раскажува приказни и создава музика како Ненад Ромиќ за *Novyi Byte*.



**Томислав Медак** студирал филозофија, германски јазик и литература на Философскиот факултет во Загреб. Во фокус на неговите теориски интереси лежат констелациите на современата политичка филозофија, теорија на медиуми и естетика. Од 2000 година ја координира теориската програма и издавачките активности на Мултимедијалниот институт *MAMA* (Загреб, Хрватска). Тој се застапува за слободен софтвер и е член на Управниот Одбор на хрватскиот *Creative Commons* тим. Тој е член и на урбаната активистичка иницијатива *Право на Град, Загреб* и работи со загрепската театарска група *BAD.co* како перформер, драматург и директор.



**Петар Милат** е еден од најзначајните филозофи на поновата генерација, кој својот фокус го става на истражувањата поврзани со интерференциите и критичките релации помеѓу политиката, моќта, наложеноста, дисциплината и уметноста. Тој е главен програмски координатор на култниот Мултимедијален институт во Загреб, МаМа каде ги координира издавачката, музичката и филмската програма. Од 2008 година е директор на Филмскиот фестивал за човекови права во Загреб.



**Моника Мокре** е политолог чијашто главна истражувачка цел се културните и идентитетските политики, европската демократија и јавната сфера, азилантската и и миграциската политика, како и родовите политики. Таа е исто така политички активист ангажиран околу проблемите на азилантството и миграцијата.



**Мелентие Пандиловски** е теоретичар и историчар на уметноста, куратор и ликовен критичар. Тој е директор на Уметничката галерија Riddoch и менаџер за развој на културата на градот Mount Gambier, Јужна Австралија. Пандиловски бил куратор на над 150 изложби и организирано бројни симпозиуми, конференции и работилници, во Европа, Австралија и Канада. Неговиот теориски интерес се истражување на врските помеѓу уметноста, културата, технологијата, идентитетот и свеста и тој има уредено и објавено голем број трудови на овие теми. Тој исто така, има работено на повеќе проекти со меѓународни мрежи.



**Зоран Пантелиќ** е уметник, продуцент и програмски уредник. Во 1993 ја основал уметничката асоцијација Апсолутно (www.apsolutno.net). Уметничкиот колектив во деведесеттите беше активен на полето на интердисциплинарни уметнички проекти и медиумски плурализам. Од 1995 учествува на меѓународни симпозиуми и конференции за културата на новите медиуми. Во 2001 го

основа Центарот за нови медиуми kuda.org посветен на новите технологии, уметноста и политиката. Пантелиќ во моментов е ангажиран во проектната платформа Проширено естетско образование и е активен во активностите на заедницата преку проектот „Локална политика и урбано самоуправување".



**Мирјана Пеитлер - Селаков**
дипломирала на Електротехничкиот Факултет при Универзитетот во Нови Сад (Југославија) и историја на уметноста на Универзитетот Karl Franzens во Грац (Австрија). Од 2008 до 2012 година била главен куратор во medienkunst-labor (mkl) во Kunsthaus во Грац, и директор на GISAlab (Girls in Science&Art Lab). Од 2003 година работи како куратор на kunst.ost и води различни проекти и изложби. Главни полиња на интерес: источноевропската уметност, уметноста во јавниот простор, новите технологии во уметноста и науката. Во моментов работи како менаџер на функционалната безбедност во Renesans Electronics, Дизелдорф. Живее меѓу Дизелдорф и Грац.



**Зејно Пекунлу** е уметница/предавачка од Измир, живее во Истанбул. Дипломирала сликарство на Унивезитетот Мимар Синан во Истанбул, а на истиот универзитет се стекнала со докторат. Втората магистратура ја завршува на универзитетот во Барселона. Користејќи широк спектар материјали, од турската химна до турските мелодрами, нејзината работа ги надминува јавните и приватни манифестации на разни форми на субординација и ја проблематизира технологијата на моќта.

Делата ги изврТуваат општествените функции на материјалите преку деформација, контекстуално одвојување и категоризација на обични слики и текстови.




**Нада Прља** е родена во Сараево, Босна и Херцеговина, се преселила во Скопје кога имала 11 години. Од 1998 година живеела и работела во Лондон, а во 2013 година се враќа во Скопје. Прља магистрирала на Кралскиот Уметнички Колеџ во Лондон, а претходно и на Академијата за Ликовни Уметности во Скопје. Прља е уметник чиишто дела се зафаќаат со сложените ситуации на нееднаквост и неправда во општествата, опфаќајќи и политички и економски прашања. Повремено работи во јавната сфера и нејзини понови јавни интервенции се оние изработени за ЕТС Грац  во 2016 година, Уметничката Лабораторија на Тирана во 2016 година, за Седмото Биенале во Берлин во 2012 година, ORFFUNKHAUS во Виена во 2009 година, за Marble Arch Gate во Лондон во 2007 година и други.



***Милан Радановиќ*** дипломирал историја на Филозофскиот факултет во Белград. Работи на истражувања на теми поврзани со Втората светска војна во Србија и Југославија и прашања поврзани со ревизијата на историјата. Неговиот основен фокус на истражување се воените злосторства извршени од фашистичкиот окупатор и нивните колаборационисти на територијата на Југославија. Има објавено неколку академски текстови и три книги: *Места на страдање и антифашистичката борба во*

*Белград 1941-1944; Водич за читање Град (ed. Rena Radle, Milovan Pisarri), Белград, 2013 (коавтор); Ослободување: Белград, Октомври 1944, Белград, 2013; Казна и злосторство: Колаборационистичките сили во Србија: Одговорност за воените злосторства (1941-1944) и воени загуби (1944-1945), Белград, 2015.*



**Рајко Радовановиќ** ги посетувал Школата за применето уметности во Загреб и Универзитетот во Брајтон, Велика Британија (отсек за алтернативна уметничка пракса). Живеел и работел на својата уметност во Загреб, Брајтон, Манчестер, Лондон и Истра. Во моментов го прави тоа истото во Њу Орлеанс. Изложувал на повеќе од 200 изложби во Европа и во Соединетите Американски Држави. Употребаува различни медиуми како фотографијата, видеото, перформансот, сликарството и инсталациии. Не поднесува уметничко ситничарење и лажен патриотизам.



**Дарка Радосављевиќ-Васиљевиќ**
историчарка на уметноста и водач на Ремонт – независна уметничка асоцијација (www.remont.net)од 1999 година. Ја почнала својата кариера во СКЦ Белград (1985) и подоцна станала уредник на уметничката рубрика на списанието Беорама (1987-89). Од 1990-99 ја водела радио емисијата Блок за цртање на радиото Б92. Од 1992-99 работела како уредник на редакцијата за култура на радиото Б92. Во 1994 година го отворила Cinema REX (основано од Б92) и работела како негов уметнички директор до 1999 година. Автор на многу проекти од областа на културата и уметнички директор на неколку меѓународни

културни фестивали, како Октомврискиот салон (2005), БЕЛЕФ (2007).



**Нели Ружиќ** дипломирала сликарство на Факултетот за применети уметности во Белград (1990), а постдипломските студии ги завршила на Facultad de Artes, UAEM, Мексико (2013). Активно учествува на хрватската уметничка сцена до крајот на деведесеттите години од дваесеттиот век кога заминува во Мексико. Од 2013 година предава како професорка на ENPEG La Esmeralda, Мексико Сити (2012.); UAEM Cuernavaca, Estado de Morelos (2007). Добитничка е на втората награда T-HT nagrada@msu.hr, на Музејот на современа уметност во Загреб (2016); Добитник е на наградата наградата на Биеналето на млади на Медитеранот и на Модерната Галерија во Риека (1993). Се враќа во Хрватска во 2012 година, каде што по една година почнува да предава во Школата за ликовни уметности во Сплит и ја води Галеријата Школа.



**Артан Садику** е активист и доцент по политичка филозофија, негови примарни научни интереси се критичката теорија, филозофијата, теориите на културата, феминизмот, радикалните и алтернативни културни и политички пракси и уметноста. Работи при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје како истражувач и предавач, и активно делува во левичарското движење *Солидарност* и културниот клуб *Sindikata*. Студирал меѓународно право и политички науки на универзитетите во Минхен, Балтимор, Осло и Амстердам. Пишувал колумни за *Утрински Весник*, *Нова Македонија* и *Koxa*,

во кои се залага за преку-етнички форми на политичко идентификување и мобилизирање во Македонија, за градење на култура на отпор кон неолибералните трендови во економијата, политиката и културата.



**Лилјана Симиќ Деру** е независен меѓународен предавач и организациски антрополог на ЕУ. Докторанд во областа на меѓународните мултидисциплинарни научни студии за интеркултурната мапа на ЕУ и културната дипломатија. Таа е универзитетски професор за интеркултурни стратегии за комуникација. (Виена, Белфаст, Лил, Брисел). Долгогодишен советник, антиципатор и евалуатор за интеркултурни прашања во Професионалниот и Организацискиот развој во јавниот, како и приватниот и невладиниот сектор. Ко-автор, уредник на неколку академски книги, on-line изданија и учесник на разни меѓународни панели за крос-културен менаџмент, културна различност и интеркултурни политики. Живее во Брисел.



**Марко Стаменковиќ** е историчар на уметноста кој е роден и живее на југот од Србија. Докторирал филозофија на Универзитетот во Гент во Белгија со тезата *Култури на самоубиство: теории и практики на радикалното повлекување.* Во текот на последната деценија тој главно работи на полето на современата уметност како куратор, критичар и предавач сосредоточен на пресекувањето меѓу визуелното мислење и општествените теории, политичките филозофии и културните практики на исклучените и угнетените.



**Мишел Теран** е уметница којашто работи во мрежни уметнички пракси во живо (network live-art practice). Нејзината инволвираност во медиумските уметности започнува по завршувањето на студиите на историја на уметност, театар, теории на култура, сликарство во Hospicio Cabanas, Guadalajara (1986-87), Instituto de las Bellas Arts, San Miguel de Allende (1987), и на Ontario College of Art. Нејзините дела се всушност истражувања на пресеците помеѓу социјалните и технолошките мрежи, како и физичкиот и медиумскиот простор којшто го отелотворуваме и населуваме. Во моментов живее во Берлин.



**Бранка Ќурчиќ** е писателка и критичарка на уметноста. Во 2001 ги завршува студиите по уметност на академијата во Нови Сад, а потоа магистрира теории во уметноста и медиумите на белградскиот универзитет. Од 2002 работи како програмски уредник во *Центарот за нови медиуми kuda.org* во Нови Сад, во чиј оддел за издавачка дејност, *kuda.read*, е исто уредник. Центарот *kuda.org* се фокусира на истражување критички пристапи кон новата медиумска култура, технологии, новите релации во културата и современите уметнички пракси и општествената сфера. Бранка Ќурчиќ, од 2006, е ангажирана во основањето и водењето на Младинскиот центар СК13 во Нови Сад – независен и едукативен проект посветен на стимулација и развој на општествената ангажираност и политичкиот активизам на младите.



**Сања Хорватинчиќ** е историчар на уметност, во моментот докторанд на универзитот во Задар и работи како истражувачки асистент на Институтот за историја на уметност во Загреб. Таа е извршен уредник на списанието *Život umjetnosti*, и член на тимот на научниот проект *ARTNET* предводен од Д-р Лилјана Колешник. Автор е на неколку научни текстови и држела бројни научни и јавни предавања за споменични скулптури/архитектура во Југославија и Европа по Втората светска војна.



**Јане Чаловски** уметничката практика на Јане Чаловски (1973) е насочена кон експериментални идеи често ситуирани во конкретна специфичност на нова културна и политичка географија адресирајќи ја нецеловитоста и недостигот од наративи и историја. Чаловски дипломирал на Академијата за ликовни уметности на Пенсилванија (Pennsylvania Academy of the Fine Arts, 1992/96) и Бенингтон колеџот (Bennington College,1996/97), постдипломски студии остварил во Центарот за современи уметности Китакјушу, Јапонија (CCA Kitakyushu, 1999/00) и Истражувачкиот постдипломски центар Академијата Јан ван Ајк, Мастрихт, Холандија (Jan van Eyk Academy, 2002/04). Во 2004 година, заедно со уметничката Христина Иваноска ја основал уметничката и кураторска платформа press to exit project space. Живее и работи во Скопје.



**Елизабета Шелева** е редовен професор на Катедрата за општа и компаративна книжевност, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. Претседавач на здружението Независните писатели на Македонија и уредничка на книжевното списание „Наше писмо". Членка на македонскиот ПЕН центар. Долгогодишна уредничка на регионалното списание за литература и култура „Сараевски тетратки", кое излегува во Сараево (БИХ). Предавала и организирала многу летни школи, научно-истражувачки проекти, била визитинг професор, приредувач на антологии и зборници. Преведува од англиски, српски, словенечки јазик. Објавила девет авторски книги.



**Соња Шонбергер** студирала социјална антропологија во Берлин и Цирих, видео-уметност на *Rietveld Academie* во Амстердам и експериментален медиумски дизајн на Универзитетот за уметности во Берлин. Веќе неколку години, таа собира лични приказни и до сега реализирала повеќе од 100 интервјуа преку кои истражува за периодот од Втората светска војна во Германија и САД. Низ овие архиви на меморија, таа ги истражува ефектите од траумата на целата нација врз следните генерации. Од овие архивски материјали произлегле многу дела на Шонбергер, во различни дисциплини.

# Организациски тим:



**Роберт Алаѓозовски** е фриленс писател, истражувач, менаџер во културата, критичар на уметноста и културата од Скопје. Магистрирал на Компаративна книжевност на Универзитетот во Скопје, Кирил и Методиј. Автор е на четири книги и десетина студии за филологија, филм, и културна политика. Поранешен претседател на мрежата *Oracle* на европски културни менаџери во Брисел, и тренер на европско *Marcel Hicter's European Diploma* за културен проект менаџмент. Член е на здружението на независни писатели на Македонија и на редакцијата на *Сарајевске свеске*. Вклучен е во многу проекти за децентрализација во културата, интеркултурализмот, регионална или меѓународна соработка.



**Александра Бубевска** е новинарка. Таа е автор на бројни телевизиски емисии од областа на уметноста, културата и културните политики во периодот помеѓу 1996-2011 година, како уредник на редакцијата за култура на А1 Телевизија. Бубевска работела како уредник за култура во дневниот весник Ден (2012), како репортер и новинар во веб телевизијата  Нова (2013) и како новинарка во информативниот портал А1он (2013-2016). Заедно со Мируше Хоџа, Бубевска  е авторка на  книгата Женската страна на приказната: лични приказни за конфликтот во Македонија - Скопје, Евробалкан Прес, 2006.



**Елена Вељановска** е независна кураторка од Скопје, Македонија. 2006 дипломира на Факултетот за Историја на уметност со археологија во Скопје. Од 2003-2006 работи во Културниот цнетар Точка, во Скопје. Во 2006 ја формира LINE I+M платформата за уметност на нови медиуми и технологија. Во 2009 работи како гостин куратор во Stedefreund галеријата во Берлин и како ко-куратор на Македонскиот павилјон на 53 Интернационална уметничка изложба во Венеција. Од 2012 па наваму е активно вклучена во формирањето на ЈАДРО- Асоцијација на независната културна сцена, и работи како извршен директор и програмски соработник во Контрапункт, Скопје. Во моментов живее и работи во Берлин, Германија. [http://veljanovskaelena.weebly.com/]



**Искра Гешоска** е основач и претседател на Контрапункт - асоцијација за развој на критичка теорија, социо-културен активизам и современи културни практики. Нејзиниот фокус е развојот на критичкото мислење и критичките теории, како и односот на уметничките практики и политичкото. Од 2002 – 2010 беше директорка на независниот културен центар Точка. Вклучена е во процесите на заговарање локално, национално и регионално рамниште за политичка релевантност на независниот културен сектор. Уредник е во издавачката куќа Темплум и во списанието Маргина од 1998 – 2008 година. Објавува трудови во сферата на критичката теорија, изведувачките уметности, визуелните уметности и културните политики.



**Јана Коцевска** дипломирала на Институтот за етнологија и антропологија, на Природно-математичкиот факултет во Скопје, во 2012 година. Од 2011 година почнува активно да делува во областа на женските права како дел од неформалната група *Тиииит! Инк.* Таа е организаторка на фестивалот за феминистичка култура, *Прво па женско*, Скопје (2013-2016). Јана е една од основачите на Центарот за истражување на национализмот и културата (ЦИНИК), кој има за цел да го разбере, објасни и да покрене свесност за развитокот на национализмот во балканскиот регион, за комплексните односи со културата воопшто и неговото влијание на балканските општества.

# ИМПРЕСУМ

КРИК
КОНФРОНТАЦИЈА
КРИТИКА РЕАКЦИЈА ИДЕЈА
**ФЕСТИВАЛ ЗА КРИТИЧКА КУЛТУРА**

## 18.11 – 03.12.2016

Кинотека на Македонија, Национална галерија на Македонија "Чифте Амам", Скопје

Фестивалот е соработничка платформа помеѓу:

**Контрапункт – асоцијација за развој на критичка теорија, социо-културен активизам и современи културни практики**

и

**Есперанца – светски културен центар**

//**Реализација на фестивалот:** Програмски координатори: Искра Гешоска, Елена Вељановска, Роберт Алаѓозовски/ Програмски асистент и логистика: Јана Коцевска/ Односи со јавност и комуникација: Александра Бубевска // Проширен тим: Ивана Накиќ, Павлина Симоновска-Арсиќ// **Изложби:** Кураторка *Архиви на насилство*: Елена Вељановска/ Куратори *Од дијаспора до различности*: Мирослав Кариќ, Јанка Вукмир // **Конференциска програма:** Програмска уредничка на тематскиот фокус *Архиви на насилство*: Искра Гешоска/ Програмски уредници на тематскиот фокус *Од дијаспора до различности*: Роберт Алаѓозовски, Дарка Радосављевиќ, Мирјана Пеитлер // **Филмски фестивал за човекови права:** Селектор и уредник: Петар Милат // ***Јавни библиотеки* и *Поетики на радикално издаваштво* (проекти во рамки на *Архиви на насилство*):** Програмски

уредници: Марсел Марс, Томислав Медак, Бранка Ќурчиќ, Зоран Гајиќ, Анте Јериќ // Тотал дизајн: КОМА//

*КРИК – фестивал за критичка култура* се реализира во партнерство со: Мултимедијалниот институт (МаМа) од Загреб, kuda.org од Нови Сад, Културтрегер од Загреб, Ремонт од Белград, Берлинер Газете од Берлин, н.б.к. од Берлин, Издавачка куќа Готен од Скопје и Кунст ост од Грац.

*Архиви на насилство* е дел од долгорочниот проект **Проширено естетско образование** реализиран во соработка со: Мултимедијални институт (Загреб), kuda.org, (Нови Сад), Контрапункт, (Скопје), Berliner Gazette (Берлин) и Културтрегер (Загреб).

**Логистички партнери**: Национална галерија на Македонија „Чифте Амам", Кинотека на Македонија, окно.мк.

Фестивалот се реализира со подршка на Балканскиот фонд за уметност и култура/Balkans Arts and Culture Fund и од програмата за подршка на граѓанското општество Цивика Мобилитас, од програмата Креативна Европа на Европската Унија, како и од Министерството за култура на РМ, Регионалната платформа за култура-Кооператива, ИФА (Институт за односи со странство, Германија), Гете - Институт канцеларија за врски, Скопје, Канадски совет за уметности, Европска мрежа за литература и книги Традуки. Балканскиот фонд за уметност и култура/Balkans Arts and Culture Fund се финансира од Швајцарската влада преку Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) и од Европската културна фондација. (ECF). Цивика Мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика Мобилитас, СДЦ, ЕЦФ, Европската Унија или пак спроведувачките организации.

# МОИ КРИТИЧКИ ЗАБЕЛЕШКИ

CIVICA MOBILITAS

bac
balkansarts&culturefund

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

EUROPEAN
CULTURAL
FOUNDATION

Co-funded by the
Creative Europe Programme
of the European Union

KOOPERATIVA
Regionalna platforma za kulturu

traduki

GOETHE
INSTITUT

n.b.k.

ifa
Institut für
Auslandsbeziehungen

Canada Council
for the Arts

Conseil des arts
du Canada

ngm

Министерство за култура
Ministry of Culture

Design: www.koma.mk

**Контрапункт – асоцијација за развој на критичка теорија, социо-културен активизам и современи културни практики**

www.kontrapunkt-mk.org

ESPERANZA

WORLD CULTURE CENTER

**Есперанца – светски културен центар**

http://www.esperanza-world-culture-center.org/